МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 101 став (3) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10 и 53/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ПОМОШ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО, МАКСИМАЛНИОТ ИЗНОС НА ПОМОШТА, НАЧИН ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПОМОШТА, СУБЈЕКТИТЕ КОИ ИМААТ ПРАВО НА УЧЕСТВО ВО ПОСТАПКАТА, КАКО И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

## Член 1

Во Правилникот за поблиските критериуми за доделување помош за обезбедување на техничка поддршка во земјоделството, максималниот износ на помошта, начин за доделување на помошта, субјектите кои имаат право на учество во постапката, како и потребната документација ("Службен весник на Република Македонија" бр. 30/11 и 177/11) во членот 2 став 1 од табелата точката 9 се менува и гласи:

| | Вид на помош | Поблиски критериуми | Максимален износ во денари |
|---|---|---|---|
| "9 | Изработка на национални знаци за земјоделските и прехранбени производи кои се заштитени со ознака за потекло, географска ознака и ознака за гарантиран традиционален специјалитет | - директно и индиректно влијание на поголем број субјекти во областа на земјоделството<br>- реални и применливи резултати со брзи ефекти насочени кон остварување на дефинираните стратешки цели за развој на земјоделството | |

**Член 2**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 11-6168/6

2 јули 2012 година

Скопје

Министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,

Љупчо Димовски, с.р.